Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-910/6
25.04.2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 2 став 1 од Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија (Сл.весник на РМ 139/09 и 67/10), член 36 став 1 алинеја 20 од Законот на Судски совет на Република Северна Македонија (Сл.весник на РСМ бр.102/19), член 7-б од Законот за платите на судиите (Сл.весник на РМ бр.110/07, 103/08, 161/08, 153/09, 67/10, 135/11, 231/15 и бр.248/18), член 7 став 2 од Правилникот за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Република Македонија бр.01-285/2 од 13.02.2019 година, член 4 од Правилникот за примања-додатоци на плата на членовите на Судскиот совет на Република Македонија соодветни на значењето и угледот на неговата функција бр.01-504/2 од 29.03.2017 година и член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10, член 8-а од Изборниот законик (Сл.весник на РМ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) и член 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси (Сл.весник на РСМ бр.12/19), Судскиот буџетски совет на ден 25.04.2024 година ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**
## **За необезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец април 2024 година**

Член 1

Со Буџетот за 2024 година за раздел 29010-Судска власт за месец април 2024 година не се обезбедуваат средства за исплата на додатоци на плата за судиите и членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, согласно одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно член 7-б став 4 од Законот за плати на судии, додаток на плата на судиите може да се исплатат по донесена одлука на Судски буџетски совет за обезбедени финансиски средства.

Согласно член 36 став 1 алинеја 20 од Законот на Судски совет на Република Северна Македонија и член 4 од Правилникот за примања-додатоци на плата на членовите на Судскиот совет на Република Македонија соодветни на значењето и угледот на неговата функција бр.01-504/2 од 29.03.2017 година, додаток на плата на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија може да се исплатат по донесена одлука на Судски буџетски совет за обезбедени финансиски средства.

Согласно член 8-а од Изборниот законик (Сл.весник на РМ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), и член 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси (Сл.весник на РСМ бр.12/19), Судскиот буџетски совет донесе одлука дека за месец април 2024 година не се обезбедуваат средства за исплата на додатоци на плата за судиите и членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**